**Како истовремено да испратите покана за регистрација на сите ваши пријатели**

Почитувани корисници на нашиот портал,

Поканувањето на вашите пријатели да се регистрираат ви овозможува подобрување на вашиот личен кориснички статус, со што добивате поголеми попусти на секоја нарачка направена на KupiKniga.mk.

Процедурата за трансфер на csv фајлови преку кои можете истовремено да им испратите покана на сите контакти на вашиот меил е следна:

**Чекор 1:** Откако ќе се најавите со внесување на вашата корисничка е-адреса и лозинка, најпрвин одите во „Моја библиотека“, а потоа одбирате „Покани пријател“.




Чекор 1

**Чекор 2:** Потоа се логирате на вашата е-пошта (во случајов, MSN Hotmail) и од главното мени “Hotmail” одбирате “CONTACTS” (контакти), каде во опаѓачкото мени “MANAGE” од понудените акции ја бирате опцијата “Export”




Чекор 2

**Чекор 3:** Откако csv фајлот ќе биде снимен на вашиот компјутер, се враќате на страната за покана на пријатели на порталот www.kupikniga.mk , по што ја одбирате опцијата „Прикачете csv фајл“




Чекор 3

**Чекор 4:** Кликнувате на полето “Choose file”, по што во отвореното прозорче го наоѓате и одбирате фајлот “WLMContacts.csv” во вашиот компјутер (во случајов е зачуван во категоријата “Downloads”) и на крајот кликнувате на полето „Импортирај го фајлот“.




Чекор 4

**Чекор 5:** На крајот ги селектирате сите контакти со штиклирање на првото поле пред контактите, по што кликнувате на копчето „Покани пријатели“.




Чекор 5

По ова, вашите контакти ќе добијат покана да се регистрираат.

Благодариме и се надеваме дека ќе бидете задоволни од услугите на [www.KupiKniga.mk](http://www.KupiKniga.mk)

Со почит,

Тимот на КупиКнига.мк

info@kupikniga.mk